

ОПШТИНА
КАРПОШ

# Општина Карпош
# Неделен
# Е-Билтен

Изготвува: Одделение за односи со јавност

**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

# Општина Карпош им додели 50 пакетчиња на деца со Даунов синдром







**По повод 3ти Декември - Светскиот ден на лицата со попреченост, Општина Карпош зема учество во работилницата за деца со Даунов синдром. На манифестацијата под мотото „(Не)ограничени можности = (Не)ограничени способности... да ги избришеме заградите!“ во организација на Здружението за помош и поддршка на лица со Даунов синдром - Синоличка, која се одржа во просториите на Младинскиот културен центар, Градоначалникот Јакимовски на околу 50 деца учесници на работилницата им додели пакетчиња со прибор за цртање и чоколади.**

35 години Општина Карпош

**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

# Изјава на Градоначалникот на Општина Карпош

Градоначалник на Општина Карпош: „Испратив писмо до Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски за откажување на средбата закажана за ден 5ти Декември 14.00 часот. Причините за откажување на средбата се постојаното зборување за исти теми - за реконструкција и изградба на исти улици, но тие и понатаму продолжуваат своите активности да ги завршуваат само до ул. Рузвелтова , дури и новогодишното украсување заврши до истата. Друга причина е што директорите на јавните претпријатија освен еднаш годишно кога доаѓаат со Градоначалникот на Град Скопје, не наоѓаат за потребно да комуницираат со мене како Градоначалник. Ако не ми верувате погледнете на што личат ул.Теодосиј Гологанов, Ул.Козле и Илинденска. Веќе трета година го молам Коце Трајановски за изградба на водовод за високата зона на Козле и Нерези каде што живеат наши граѓани Македонци и Албанци кои по 6 месеци во годината немаат вода за пиење. Неговиот одговор постојано е дека изградбата на овој водоснабдителен зафат ќе чини над 2 милиони евра и дека тоа е многу скапа инвестиција.

Врв на цинизмот е удирањето на камен темелник на новата управна зграда на ЈП Водовод и Канализација каде горделиво вели дека оваа зграда со површина од 5200м2 ќе чини 10 милиони евра. Сакам да го запрашам: може ли да ми наведе едно градско претпријатие на Балканот кое има управна зграда од над 10 милиони евра, а во исто време дел од неговите граѓани немаат вода за пиење? Бидејќи јас претпочитам проблемите да не ги решавам во канцеларија, Го повикувам во текот на оваа или наредната недела да одберете ден и час, да отидеме во овие две населени места и да им објасните на граѓаните како тоа имате пари за велелепна зграда која ќе чини над 2 илјади евра по 1м2, а за нивниот водовод немате средства. “

**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

# Асфалтирана ул.6

Деновиве беше асфалтирана ул.6 во Бардовци. Имено, станува збор за улица со должина од 550 метри и широчина од 6 метри, односно вграден е 3300 м2 нов асфалт. Изведувач на градежните работи е „Кодинг“, а сумата изнесува 4,037,724.00 денари.








**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

## Плакети во чест на 35 годишниот јубилеј на Општина Карпош











По повод јубилејот- 35 години Општина Карпош, во просториите на Реплек АД се одржа свеченост на која, Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски додели плакети на пет институции и часовници на вработените во општинската администрација со 35 години работен стаж во Општина Карпош.

35 години Општина Карпош

**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

Плакети во чест на 35 годишниот јубилеј на Општина Карпош им беа врачени на : Детската Градинка „Орце Николов“, ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“, Библиотека „Другарче“, Поликлиника „Букурешт“ и Реплек АД. Овие институции не само што се најстарите институции на територијата на општината Карпош, туку тие секогаш , а и денес во своите области и професии постигнале исклучителни резултати со кои влијаеле врз развојот и придонесувале за успесите, афирмацијата и угледот на Општина Карпош.

Во таа прилика Градоначалникот Јакимовски изјави : „Морам да кажам дека ја имам таа ретка чест и задоволство како Градоначалник на Карпош да им искажам признание на лица и институции кои цели три и пол децении живееле и работеле во нашиот Карпош. кои постојат толку колку што постои и општината, некои дури и повеќе. Тој факт им дава целосно право да се наречат основоположници на општината, основополжници на Карпош. Сите ние кои дојдовме подоцна само учевме од нив и го продолживме нивното дело. Се надевам успешно и достојно. Верувам дека не им било лесно сиве овие 35 години, се соочувале со многу искушенија и предизвици, дека паметат убави и помалку убави години,напорни, тензични, но и ведри и среќни мигови. Всушност таков е и животот. но кога сите тие убави и помалку убави моменти имаш со кого да ги споделиш, со своите колеги, со своите сограѓани со својата општина, тогаш се е полесно и поубаво, а најубаво е кога на крајот тие твои исти колеги ќе те почестат со признание и ќе те испратат во заслужена пензија. Денес тука има такви меѓу нас. на сите нив, искрено, од срце, како градоначалник во два мандата им се заблагодарувам за се она што го сторија за Карпош, што ни помогнаа и придонесоа да ја направиме општината онаква каква што е денес: убаво и пристојно место за живеење, за нас најубава во целата држава. за тоа искрено им благодариме. “ Покрај плакетите доделени на институциите, Градоначалникот додели и седум часовници на вработени во општинската администрација, кој заедно со општината оваа година слават свој јубилеј - 35 години работен стаж во Општина Карпош.







**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

# ПОТРЕБЕН Е КРИЗЕН ШТАБ ЗА ЗАГАДЕНОСТА ВО КАРПОШ И ВО СКОПЈЕ

Состојбата со загадувањето на амбиенталниот воздух во Општина Карпош е критична и алармантна. Оттаму Советот на Општина Карпош на денешната вонредна седница посветена токму на таа тема донесе пакет итни мерки кои ќе ги преземе самата локална власт, но и ќе ги препорача до повисоките инстанци (надлежното министерство и првенствено Градот Скопје) со цел да се намалат штетните последици од загадувањето. Информацијата за степенот на загаденост на амбиенталниот воздух на подрачјето на град Скопје со посебен осврт на општина Карпош, која денес беше усвоена, предизвика жешки дискусии меѓу советниците од Советот на Карпош, посебно меѓу членовите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, кои честопати излегуваа од темата на седницата. На почетокот, Секторот за заштита на животнста средина и природата при Општина Карпош ги изложи најновите сознанија за загаденоста на воздухот во оваа општина според кои измерени се концентрации на суспендирани честички со големина до 10 микрометри (PM10) и со дозволена граница од 50μm. Во мерењата извршени во текот на 39 денови, во 35 дена е со надмината концентрација од 100-600 μm, што е 12 пати или 1200% повеќе од дозволеното. Концентрацијата на озон (О3) во период од 12 – 14.11.2011 година, е над дозволената граница од 120 mg/m3.Концентрацијата на азот диоксид (NO2) во мерените 39 дена, во 35 ја преминува дозволената концентрација од 220 μg/m3.Освен тоа се уште не е воспоставено мерењето на концентрациите на SO2 (сулфур диоксид) и овој параметар мора да се следи во наредниот период, што е од важност и влијае на здравјето на луѓето. Токму поради тоа Општина Карпош предложи да воспостави отворена линија за јавување на граѓаните, на која ќе можат да ги пријават сите потенцијални загадувачи во своето опкружување, како што се физички и правни лица кои што користат отпадни гуми, отпадни масла, нафтени деривати кои што се под стандардите, да ги пријават до надлежниот овластен инспектор за животна средина.



**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

Тие податоци треба дневно да се ажурираат и ставаат на веб страната на Општината. Локалната власт во Карпош бара заедно со НВО секторот во општината, да се вклучи во мониторингот и во делот на изработка на заедничка стратегија и толкување на измерените податоци и реално информирање на граѓаните. Колегите од Карпош денес побараа советниците во Градот (иако на ова важна седница беа поканети и советници од сите советнички групи на Град Скопје, сепак присуствува само од советничката група на СДСМ) на седница на Советот на град Скопје, да бараат итно формирање на Кризен штаб кој ќе донесе План на мерки и активности (согласно законските надлежности) кои Градоначалникот на град Скопје треба да ги преземе при вакви енормни загадувања на воздухот во градот. Министерството за внатрешни работи да ја засили контролата врз учесниците во сообраќајот и сите возила кои не исполнуваат ЕУРО-3 стандард и кои имаат емисија на гасови над дозволеното, да не учествуваат во сообраќајот во временски период од три месеци како времена мерка која може да се спроведе веднаш. Градот Скопје да го смени режимот на сообраќај, со што тешките товарни возила, наместо да влегуваат во градското јадро, да се насочуваат на обиколниците. Министерството за животна средина и просторно планирање и градот Скопје, времено да ги затвори или да го промени режимот на работа на индустриските капацитети, за кои се утврдило дека го загадуваат воздухот, а штетите од ова да ги надомести државата. Што практично значи загадувањето за жителите во Карпош од медицински и стручен аспект пред советниците изложи д-р Добрила Андоновска, жителка на Карпош, кој рече дека со присутните честички во воздухот се врши физичко оштетување на белите дробови, и притоа, најранливи категории граѓани како малите деца, старите и хронично болни, лицата со кардиоваскуларни проблеми, но и сите останати граѓани. За тоа каква е состојбата со здарвјето на децата најдобро говори фактот што во болницата за белодробни заболувања кај децата во Козле деновиве се бара легло повеќе и главно најголемиот дел случаи се третираат амбулантно. Иако Информацијата начално ја поддржаа советниците од ВМРО ДПМНЕ тие побараа градоначалникот да се вклучи во акцијата „засади дрво" со цел да се намали загадувањето во Градот и побара да се одвојат 100 илјади евра од Буџетот на Карпош. Советничката Радмила Ристовска побара поскоро да се донесе „катастарот на загадувачи" што е усогласено на Комисијата за заштита на животната средина. Освен тоа советниците од ВМРО-ДПМНЕ ставија забелешка зошто Градоначалникот Јакимовски не го примил на состанок градоначалникот на Скопје и дека на тие средби се зборело и за загадувањето. Советниците на советничката група на СДСМ се согласија дека мерката „седете дома" која произлегла од состаноците на Градот и владата со најголемите индустриски загадувачи не е доволна, како и самото констатирање на нивото на загаденост туку побараа да се оди на конкретни мерки кои како документ ги донесоа на оваа седница на совет.